Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа



ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

# ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ПРИСИЛНА НАПЛАТА НА ДОЛГОВИ

## ДАЛИ ЗАСТАРУВААТ СМЕТКИТЕ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ВОДА И ГРЕЕЊЕ? ШТО ЗНАЧИ ЗАСТАРУВАЊЕ?

**Сметките за овие услуги дадени кон домаќинство застаруваат за една година.** Застарувањето значи дека откако ќе помине една година од добивањето на сметката за овие услуги, давателите на услугите немаат право да бараат наплата на долгот.

Од друга страна, **судот и нотарите немаат обврска да внимаваат дали долгот е застарен или не, па оваа обврска паѓа на вас**.

Доколку добиете документ „Решение за издавање нотарски платен налог со кое се дозволува извршување на решение врз основа на веродостојна исправа“ за долг кој сметате дека е застарен, веднаш мора да се поднесе приговор до нотарот кој го издал, наведувајќи дека долгот е застарен.

Во ова може да ви помогне адвокат, а доколку исполнувате услови согласно Закон за бесплатна правна помош, и подрачните одделенија на Министерството за правда, како и регистрираните граѓански организации и правни клиники за давање на бесплатна правна помош.

## ДОБИВ ИЗВЕСТУВАЊЕ ДЕКА АКО НЕ ГО ПЛАТАМ ДОЛГОТ, ЌЕ МИ БИДЕ ПРИСИЛНО НАПЛАТЕН ОД СТРАНА НА ИЗВРШИТЕЛ. ШТО ЗНАЧИ „ПРИСИЛНО НАПЛАТЕН“?

Извршителот е овластено лице кое има право да изврши присилна наплата на долгот, кој бил утврден со правосилна судска пресуда или со Решение со кое се дозволува извршување на решение врз основа на веродостојна исправа, а вие не сте го платиле долгот во рокот кој пресудата, односно решението го навеле. Лицето кому сте му должеле, врз основа на овој документ, поднело барање за извршување до овластен извршител.

Извршителот има право да спроведе „присилна наплата“, односно без да побара ваша дозвола, да го наплати долгот од вашата банкарска сметка, од вашиот подвижен или недвижен имот, во зависност од висината на долгот.

Извршителот најпрво проверува дали имате средства во банка и дали сте вработени. Ако не ги наплати сред-

ствата од банка, може да му наложи на вашиот работодавач да ви задржува по 1/3 од платата.

Доколку немате парични средства и сте невработени, но имате друг имот, извршителот врши процена дали е таа мерка соодветна за да се наплати долгот, и доколку е, може да дојде до заплена и продажба на имотот заради наплата на долгот.



## ДОБИВ ИЗВЕСТУВАЊЕ ДЕКА СМЕТКАТА ВО БАНКА МИ Е БЛОКИРАНА ОД СТРАНА НА ИЗВРШИТЕЛ. ШТО ЗНАЧИ ТОА И ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВАМ?

Доколку извршителот не најде доволно средства на сметката за да го наплати долгот, ѝ наложува на банката да ја блокира вашата сметка, за кога ќе ви стигнат пари, прво нив да може да ги искористи извршителот, онолку колку што е потребно за затворање на долгот.

Доколку сте во можност, можете веднаш да го платите долгот, или доколку постои согласност, да договорите со доверителот и извршителот долгот да го плаќате на рати.



# ЈАС СУМ ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ И ПРИМАМ ДОДАТОК ЗА ПОПРЕЧЕНОСТ. ДАЛИ ИЗВРШИТЕЛОТ МОЖЕ ДА МИ ГИ ОДЗЕМЕ И ОВИЕ СРЕДСТВА?

Не, **извршителот во ниту еден случај не може да изврши присилна наплата над пари кои се исплатени по следниве основи**:

1. примање врз основа на законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давачот на издршката;
2. примање врз основа на надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидското осигурување;
3. примање од права на парична помош од социјална заштита (гарантирана минимална помош, надоместок заради попреченост, надоместок на плата за скратено работно време, додаток за домување, траен надоместок и еднократна парична помош) согласно со прописите од социјална заштита;
4. примање врз основа на привремена невработеност;
5. примања од правата за заштита на децата согласно со Законот за заштита на децата;
6. примање врз основа на стипендија, кредит и помош на ученици и студенти;
7. примање на питомци на Воената академија;
8. надоместок за работа на осуден во казнено-поправен дом, освен за побарување врз основа на законско издржување, како и за побарување на надоместок на штета предизвикана со кривично дело на осудениот;
9. примање врз основа на патни трошоци;

10. примања од право на социјална сигурност за стари лица, согласно со прописите за социјална сигурност за старите лица;

Доколку сепак се случи извршителот да ги земе и овие средства од Вашата сметка, веднаш писмено обратете се до неговата канцеларија со известување од каде потекнувале тие средства.



## ЕДЕН ПРИЈАТЕЛ МЕ ЗАМОЛИ ДА МУ БИДАМ ЖИРАНТ ЗА КРЕДИТ. КОЛКУ Е ТОА СИГУРНО, И КОИ СЕ МОИТЕ ОБВРСКИ?

**Да бидете некому жирант за кредит, значи да гарантирате дека тоа лице навремено ќе ги плаќа ратите за кредитот,а дека ако тоа лице не ги плаќа, ќе ги покриете вие во нивно име.**

Оттука, доколку вашиот пријател задоцни со плаќање на ратите, банката ќе побара од вас како жирант да го плаќате неговиот долг.

Вие потоа имате право со тужба да го задолжите вашиот пријател да ви го исплати износот кој сте го платиле на банката наместо него.

# КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ОБРАТАМ ЗА ДА ДОБИЈАМ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

- Здруженија и правни клиники кои се овластени за давање на бесплатна правна помош
- Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош
- Во подрачните одделенија на Министерството за правда:

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Берово | 071 205 324 |
| Битола | 071 223 392 |
| Македонски Брод | 071 223 075; 078 640 786 |
| Виница | 071 213 964 |
| Валандово | 071 213 925 |
| Гевгелија | 071 224 678; 071 216 267 |
| Гостивар | 071 223 180 |
| Дебар | 071 223 768 |
| Делчево | 071 283 948 |
| Демир Хисар | 075 766 695 |
| Кавадарци | 075 659 855 |
| Кичево | 071 224 652 |
| Кочани | 071 221 580 |
| Кратово | |
| Крива Паланка | 071 224 580 |
| Крушево | 071 227 808 |
| Куманово | 071 227 962 |

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Неготино | 071 223 191 |
| Охрид | 071 221 908 |
| Прилеп | 076 232 886 |
| Пробиштип | 078 330 434 |
| Радовиш | 070 261 310 |
| Ресен | 071 221 246 |
| Свети Николе | 071 227 862 |
| Струга | 071 223 015 |
| Струмица | 071 224 526 |
| Тетово | 071 227 893 |
| Велес | |
| Штип | 071 221 484; 070 821 089 |
| Карпош | 071221381 |
| Центар | 078 442 006 |
| Кисела Вода | 071 224 104 |
| Гази Баба | 071 213 798 |
| Чаир | |

ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

www.pravnapomos.mk

Фотографии: freepik.com – © Сите права се задржани 2021

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа.
Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на ниту една од двете страни.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Република Северна Македонија
Министерство за правда